2364


**PRES-SERVIS**

NOVINSKO-IZDAVAČKO PREDUZEĆE SAVEZA NOVINARA JUGOSLAVIJE
PRESS PUBLISHING ENTERPRISE OF THE FEDERATION OF YUGOSLAV JOURNALISTS
BEOGRAD — Knez Mihajlova 2/X — Pošt. fah 842
Tel. 621-578
Ček. račun 101-11/1-804
Current Account with Yugoslav National Bank

SLUŽBA DOKUMENTACIJE
CLIPPING SERVICE

Isečak iz lista
Newspaper cutting
НОВА МАКЕДОНИЈА
Скопје
24. XII 1966


**Писмо од Загреб**

# Вљубено ангажирање во креацијата

**● Средба со младиот уметник Димче Наумов, добитник на наградата на УЛУХ за скулптура**

**(Александар Митевски)**

По повод јубилејната прослава на УЛУХ — Здружение на ликовните уметници на Хрватска во Загреб за првпат се доделени награди на членови на ова здружение, и тоа за сликарство, графика и скулптура.

Добитник на наградата за скулптура е младиот загрепски скулптор Димче Наумов, роден во Титов Велес, во 1938 година.

По завршувањето на осум годишното училиште во родниот град, Димче Наумов се запишува во Школата за применета уметност во Загреб, која ја завршува со одличен успех во 1958 година. Од тогаш работи во ателјето на скулпторот Воин Бакиќ. Во 1959, учествува на конкурсот во Мексико во институтот за ликовна уметност: „San Miguel de Alende", со определен број скулптури, и доделена му е стипендија која, меѓутоа, не можеше да ја оствари. Од 1962, излага на сите годинешни изложби на УЛУХ.

Во 1963, учествува на меѓународната изложба на скулптура во италијанскиот град Савона. Во 1964 престојува во Париз, каде што контактира со повеќе галерии (Galerie Ponte — Neuf), а во 1965 год. изведува голема скулптура „ИЗГРАДБА", висока 6,5 метри која неодамна е поставена во младинската населба „Седум секретари на СКОЈ", населба на градителите на насипот на Сава, и тоа на местото каде што во иднина треба да се изгради идното пристаниште. Делото е изведено на иницијатива на Градскиот комитет на Сојузот на младината.

Во 1965 година има самостојна изложба во Загреб во галеријата на УЛУХ, а исто така излага и на IV-то биенале на младите во Париз во Музејот на современата уметност.

Во разговорот со овој вонредно талентиран млад уметник, кој секогаш се стреми да остане дискретен, ненаметлив, малку повлечен во себе сè додека не се почне да се разговара за уметноста воопшто, а особено за ликовната уметност секогаш провејува неговата длабока ангажираност кон она што го креира: „За мене ликовната уметност, а особено скулптурата е секогаш градење на една мисла преку определена површина и волумен. Преку еден чист пластичен јазик треба да се искаже одржувањето на една егзистенција на човекот како дел од универзумот во сегашноста и во иднината. Преку ваква креација на еден определен ангажиран начин се изнесува поривот на уметникот ангажирано да се вклопи во времето и просторот во кој физички и духовно постои. Со една секојпат присутна проекција на минатото и на почвата и поднебјето од кои потекнува уметникот креирајќи секогаш се стреми на извесен начин да ја наслути иднината. Инспирацијата доаѓа најчесто од старата македонска архитектура транспонирана во сегашниве услови на еден модерен начин".

Впрочем, кога се искажува ликовната критика во загрепските весници за Димче Наумов, како основно потцртува: „Основен елемент на скулптурата на Димче Наумов е коцка, која со динамично мултиплицирање на тој елемент со хоризонтални и вертикални custom поместувања сугерира растење и ритам на изградбата. Гледачот во ова дело без сомнение веднаш ќе ја почувствува вонредната, монументална енергија остварена со чист и едноставен, современ пластичен израз од голема вредност".

Покрај скулптура Димче Наумов досега активно излагал и графика, платна и цртежи.



**Димче Наумов: „ИЗГРАДБА"**, 1966 **(Награда за скулптура на изложбата на УЛУХ за 1966 година)**